

# Антонио Манфреди

# Antonio Manfredi

ngm

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# Антонио Манфреди
# Antonio Manfredi



Мала станица, Скопје, јуни 2012
Mala Stanica, Skopje, June 2012

## УМЕТНОСТА КАКО НАЧИН НА РЕЦЕПЦИЈА И ТРАНСМИСИЈА

*Ана Франговска*

Антонио Манфреди е италијански мултимедијален уметник, куратор и директор на Музејот за современа уметност “Касорија” во Неапол. Неговиот сестран уметнички ангажман го утврдува фактот за неговата несебична и целосна предаденост на уметноста генерално. Широкиот дијапазон на интерес во директното креативно изразување рецентно се движи во рамките на фотографијата и монументалната скулптура. Во Македонија се претставува со еден пресек на неколку позначајни фотографски циклуси со кои Манфреди се занимавал во последната деценија.

Обидувајќи се да направам еден остар пресек на презентацијата на Манфреди кај нас, во Националната галерија на Македонија, може секако да се емфазира дека тој е исклучителен истражувач што врши префинета интроспекција на надворешниот, но и на внатрешниот свет, на реалноста, но и на фантазијата, на метафизиката и на рациото, на убавото, елитистичкото, дигнитетното, во корелација со грдото, примитивното, сиромашното. Контрастните состојби се исклучително акутни во неговите сондирања на состојбите околу себе и во себе, а природните во комбинација со инсценираните или измонтирани претстави го покажуваат широкиот спектар на стратегии и пристапи за доаѓање до уметнички издржана фотографска целина. Апсолутната сериозност и исконцептуализирана аура на некои од делата симпатично се прелеваат со моментот на случајност и игра што е интрогантен во експериментаторскиот дух кој го нуди фотографијата како медиум. Иронијата, ексцентричноста, ароганцијата се испреплетени со неговата леснотија, разбирливост и директност во презентирањето на пораката.

На изложбата Манфреди прикажува дел од циклусите “Слика во слика”, “Јас, јас и јас”, “Патувајќи низ меморијата”, “Куќата на куклите” и “Психа”. Во овие фотографии уметникот од концептуално “режирани” фотографии во кои создава илузија на чиста метафизика во безкрупулозна реална даденост, преоѓа на себесоголување и примена на сопственото тело и личност во корист на концепсиско-композициската целина на уметничкото дело, па потоа од регуларна репортерска фотографија, доаѓа до композициска и ритмична игра на голи женски тела и голи кукли во индустриски комплекси или запуштени просторни агломерации или, пак, ја истражува мултиперсоналноста, метаморфозата и психолошки променливите аспекти во човечката природа. Вака диверзните интереси на Манфреди го детерминираат како автор што мошне вешто чекори на тенката линија меѓу фотографија што нуди забава и предизвикува внимание и фотографија што содржи исклучителна уметничка естетика.

Меѓународната афирмација на Антонио Манфреди е само уште еден доказ дека пред нас имаме еден сериозен мултимедијален автор. И место крај: “Манфреди ни нуди визуелна медитација, лажен сон за измамата на поезијата: реалност разделена со ароганција, моќна да генерира чисти претстави поврзани меѓусебно со секвенцијата на вечни, речиси неоформени простори, транспарентни и речиси ексцентрични... “ (Пјер Рестани)









Серија Слика во фотографија, Црвена Визија, 2002, 2x(70x70) / Painting in a photograph series, Red Vision, 2002, 2x(70x70)
Серија Слика во фотографија, Зелена површина, 2002, 2x(70x70) / Painting in a photograph series, Green Surface, 2002, 2x(70x70)

THE ART AS A WAY OF RECEPTION AND TRANSMISSION

*Ana Frangovska*

Antonio Manfredi is an Italian multimedia artist, curator and director of Casoria Museum of Contemporary Arts. His wide artistic engagement confirms the fact of his unselfish and complete dedication to the art in general. His diverse diapason of interests in the process of the direct creative expression recently is positioned in the frames of the photography and monumental sculpture. In Macedonia he is presenting a selection of some of his most important photographic cycles that he is being ocupied with during the last decade.

When trying to explain in few words the presentation of Manfredi in the National Gallery of Macedonia, I should for sure emphasize that he is an extraordinary examiner that does subtle introspection of the outside, as well as of the inside world, the reality, but of the fantasy as well, of the metaphisics and of the racio too, of the beautiful, elitistic, dignified in corellation with the uglyness, primitive, poor... The contrasted situations are extraordinary accute in his sondage of the conditions arround him and inside him, and the natural juxtapositioned with the scripted or edited imagery, shows the wide range of strategies and approaches for achieving valid and qualified photographic ensemble. The absolute seriousness and the conceptualized aura of some of the works is being nicely owerflowed with the moment of the accident and game that is of a gat importance and is meritory in the experimental spirit of the photo media in general. The irony, the excentricness, the arogance are being mixed with the easyness, comprehension and directness in the presentation of the message.

Manfredi's exhibition displays the cycles "Painting ina a photography", "Me, myself and I", "Traveling into memory", "Doll's House" and "Psyche". In this photos the artist makes a transfer from the conceptually "directed" photographies, in which he creates illusion of a pure metaphisics in the nonscrupulouse realm, into self abrasion and usage of his own body and personality in the favour of the conceptual-compositional wholeness of the artwork itself. Then he is making a regular reporting photography on one hand, and creates a compositional and rhytmic game of nude female bodies and doll's organized in artificial industrial surroundings and abandoned space aglomerations, on the other hand, or he is even examining the multipersonality, the metamorphosis and the pshicological changable aspects in the human nature. Such diverse interests of Manfredi determine him as an artist that very skilfully moves on a thin line between the photography that offers amusement and attraction and photographies that contain exceptional artistic aesthetics.

The international affirmation of Antonio Manfredi is just another argument that we are dealing with a serious multimedia artist. And instead of conclusion: "Manfredi offers us a visual meditation, a dream-fable about the fate of poetry: a reality devoid of arrogance, able to generate pure images linked together by a sequence of ethereal, almost disembodied spaces, transparent and mildly eccentric"... (Pierre Restany)

Серија Слика во фотографија,
Црвена Визија, 2002, 3x(70x70)
Painting in a photograph series,
Red Vision, 2002, 3x(70x70)
Серија Слика во фотографија,
Бескрајна порака, 2002, 3x(70x70)
Painting in a photograph series,
Infinite Message, 2002, 3x(70x70)




VIETATO FUMAR
DIRITTO DI RITENZIONE











Серија Куќа на куклите, Фабрика, 2007, 50x70
Doll’s house series, Factory, 2007, 50x70



Серија Куќа на куклите, Куќа на куклите, 2007, 50x70
Doll’s house series, Doll’s house, 2007, 50x70




Серија Патувајќи низ меморијата, Безредие, 2007, 50x70
Traveling into memory series, Orderliness, 2007, 50x70



Серија Патувајќи низ меморијата, Патувајќи, 2007, 50x70
Travelling into memory series, Traveling, 2007, 50x70

**Антонио Манфреди**

Антонио Манфреди е роден во Касориа – Неапол на 2 март 1961 година.
Сликар, скулптор, фотограф и уметнички директор на CAM_Casoria Contemporary Art Museum во Неапол.
Изложувал свои дела во најзначајните градови во светот. Учествувал на повеќе од 300 групни и индивидуални изложби. Неговите монументални дела во мермер, железо и дрво се претставени во Кина, Кореа, Јапонија, Египет, Европа, Русија и САД. Во март 2007 е избран од Италијанското министерство за надворешни работи да изведе комеморативна скулптура за итало-американските жртви од катастрофата на Кулите близначки во Њујорк.
Тој соработува со престижни приватни галерии во Италија и преку океанот, изложувал во неколку музеи за современа уметност и учествувал на сите најважни меѓународни уметнички симпозиуми. Како куратор извел неколку меѓународни изложби во соработка со значајни меѓународни јавни и приватни тела. Во 2004 го основал и сеуште менаџира како уметнички директор на CAM_Casoria Contemporary Art Museum.
Во 2011 бил поканет како уметник на 54-то Венецијанско Биенале.

**Самостојни изложби**
2011 54. Венецијанско Биенале
2010 Галерија Центар, Подгорица, Црна Гора
Куќа на културата на Елвас, Лигачао - Португалија
2009 Симбол уметничка галерија, Будимпешта
2008 Харлешко биенале - Велс
2007 Да не се заборави – Италијански конзулат, Њујорк
2006 Современа уметничка галерија Горењски музеј, Крањ - Словенија
2005 Галерија Беукерс, Ротердам - Холандија
2004 Уметнички средби, Поинт Галерија, Атина
2002 Современ уметнички музеј Казина Помпејана, Неапол
Фабрика Еос Галерија, Милано
2003 Диско арт галерија, Крема – Кремона
Галерија уметнички настан, Торекузо – Бневенто
2001 Општинска галерија, Анакапри – Неапол
2000 Ројална палата, Касерта
1999 Пиера Арте современа галерија, Бра – Кунео
1998 Гершеим културен музеј, Сарбрукен – Германија
Лидија Палумбо Скалци уметничка галерија, Латина
1989 Музеј вила Арбиусто, Лако Амено - Неапол
Аркада Камброне – алтернативен простор, Париз
1997 Современ уметнички музеј, Морконе – Беневенто
Деон Галерија, Болоња
1996 Арт Актуел галерија, Лиеж, Белгија
1995 Етнографско руски музеј, Санктпетерсбург – Русија
1994 A come уметничка галерија, Неапол
1993 Општинска галерија, Сепино – Компобасо
1992 Снапораз галерија, Ладисполи – Рим
1991 Галерија Арт центар, Милано
DunaMenti Yàndorkiallitàs, Будимпешта
1990 Студиски центар Ларсон, Хадсон, Њујорк
Конгресна палата, Рим

**Antonio Manfredi**

Antonio Manfredi was born in Casoria - Naples on 2nd March 1961.
Painter, sculptor, photographer and Art Director of the CAM_Casoria Contemporary Art Museum, Naples.
He exhibited his works in the most important cities worldwide. He participated on more than 300 collective and personal exhibitions. His monumental works in marble, iron and wood are present in China, Korea, Japan, Egypt, Europe, Russia and US. In March 2007 he was chosen by the Italian Ministry of Foreign Affairs to realize a sculpture commemorating the Italian-American victims of the Twin Towers slaughter in New York. He works with prestigious private galleries in Italy and overseas, exposed in several museums for contemporary art and participates to all the most important international Art Symposiums. As a curator he realized several international exhibition projects in cooperation with important international public and private bodies. In 2004 he founded and currently manages as Art Director of CAM_Casoria Contemporary Art Museum.
In 2011 he was invited as artist at the 54th Venice Biennale.

**Solo Exhibitions**
2011 54. Venice Biennale
2010 Galerija Centar, Podgorica – Montenegro
Casa da Cultura de Elvas, Ligacao - Portugal
2009 Symbol Art Galèria, Budapest
2008 Harlech Biennale - Wales
2007 Not to forget_Italian Consulate, New York (NY)
2006 Contemporary Art Gorenjski Muzej, Kranji - Slovenija
2005 Galerie Beukers, Rotterdam – Holland
2004 Arts Meeting Point Gallery, Athens
2002 Contemporary Art Museum Casina Pompeiana, Naples
Fabbrica Eos Gallery, Milan
2003 Disco Art Gallery, Crema – Cremona
Art's Events Gallery, Torrecuso - Benevento
2001 Municipal Gallery, Anacapri-Naples
2000 Royal Palace, Caserta
1999 Peira Arte Contemporanea Gallery, Bra-Cuneo
1998 Gersheim Kultur Museum, Saarbrücken – Germany
Lydia Palumbo Scalzi Arte Gallery, Latina
1989 Villa Arbusto Museum, Lacco Ameno - Naples
Arcade Cambronne-Espace Alternatif, Paris
1997 Contemporary Art Museum, Morcone - Benevento
Dehon Gallery, Bologna
1996 Art Actuel Gallery, Liège, Belgium
1995 Ethnographic Russian Museum, Saint Petersburg - Russia
1994 A come Arte Gallery, Naples
1993 Municipal Gallery, Sepino - Campobasso 1992 Snaporaz Gallery, Ladispoli- Rome
1991 Art Center Gallery, Milan
DunaMenti Yàndorkiallitàs, Budapest
1990 Larson Study Center, Hudson - NY
Palazzo dei Congressi, Rome










Серија Патувајќи низ меморијата,
Куќа од соништата, 2008, 50x70
23.Travelling into memory series,
Dream house, 2008, 50x70
Серија Патувајќи низ меморијата,
TATA, 2007, 50x70
30.Travelling into memory series,
TATA, 2007, 50x70
Серија Патувајќи низ меморијата,
Црна Мадона, 2009, 50x70
21.Travelling into memory series,
Black Madonna, 2009, 50x70
Серија Патувајќи низ меморијата,
Без наслов, 2009, 50x70
29.Travelling into memory series,
Untitled, 2009, 50x70

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Антонио Манфреди
Јуни 2012

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Халиде Палоши, директор
Куратор на изложбата: Ана Франговска
Текст: Ана Франговска
Превод на англиски: Бехар Далипи
Дизајн: Борис Шемов
Фотографии: Антонио Манфреди
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Antonio Manfredi
June 2012

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Halide Palloshi, director
Curator of the exhibition: Ana Frangovska
Text: Ana Frangovska
English translation: Behar Dalipi
Design: Boris Semov
Photography: Antonio Manfredi
Edited by: Kiril Angelov
Printed by: Skenpoint, Skopje
Copies: 500

Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

ISBN 978-9989-196-95-9